Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија врз основа на член 24 став 1 точка 1 алинеја 17 ("Службен весник на Република Македонија" бр.96/18) и член 50 став 1 алинеја 1 и член 51 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за престанување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Екстра лесно масло за домаќинство (ЕЛ-1), Еуродизел БС и Еуросупер БС 95, УП1 бр. 07-20/10 од 17.08.2018 година, на Трговското друштво за градежништво, трговија и услуги Стерјовски Митре МИТ ОИЛ увоз-извоз ДООЕЛ Ресен, на седницата одржана на 13.09.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ДОМАЌИНСТВО (ЕЛ-1), ЕУРОДИЗЕЛ БС И ЕУРОСУПЕР БС 95**

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Екстра лесно масло за домаќинство (ЕЛ-1), Еуродизел БС и Еуросупер БС 95, на Трговското друштво за градежништво, трговија и услуги Стерјовски Митре МИТ ОИЛ увоз-извоз ДООЕЛ Ресен со евидентен број НД - 18.03.1/10.2/17 издадена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија со Одлука УП1 бр. 07-20/10 од 01.11.2010 година, изменета со Одлука УП1 бр. 07-20/10 од 21.07.2017 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.144/10 и 102/17), ПРЕСТАНУВА, по барање на носителот.

2. Оваа Одлука е конечна во управната постапка.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

Трговското друштво за градежништво, трговија и услуги Стерјовски Митре МИТ ОИЛ увоз-извоз ДООЕЛ Ресен, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија, поднесе барање УП1 бр. 07-20/10 од 17.08.2018 година за престанување на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Екстра лесно масло за домаќинство (ЕЛ-1), Еуродизел БС и Еуросупер БС 95, со евидентен број НД - 18.03.1/10.2/17, издадена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија со Одлука УП1 бр. 07-20/10 од 01.11.2010 година, изменета со Одлука УП1 бр. 07-20/10 од 21.07.2017 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.144/10 и 102/17).

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија согласно член 24 став 1 точка 1 алинеја 17 од Законот за енергетика и член 50 став 1 алинеја 1 и член 51 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, постапувајќи по барањето на Трговското друштво за градежништво, трговија и услуги Стерјовски Митре МИТ ОИЛ увоз-извоз ДООЕЛ Ресен одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 07-20/10**
**13.09.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Скопје** **Марко Бислимоски**